Јавно претпријатие за водоснабдување
Ndërmarrja ... për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1163/1-5/1
19.07. 20 21 год./vit.
Кичево - Kerçovë

Врз основа на член 26 алинеја 29 од Статутот на ЈП за водоснавдување „Студенчица" Кичево, а постапувајки по напатствијата од прилог бр 1 од Извадокот од шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр 40-17/69 од 11 мај 2021 година, точка 96 со кој Владата го менува заклучок бр.25 од точка 83 од педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија , во врска со Информацијата за превземање мерки против корупција, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица" на седницата одржана на ден 19.07.2021 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за усвојување на
## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА на
## ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ СТУДЕНЧИЦА„ Кичево

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Акциски план за борба против корупција на ЈП„Студенцица„Кичево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение:**

Постапувајќи по напатствијата од прилог бр 1 од Извадокот од шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр 40-17/69 од 11 мај 2021 година, точка 96 со кој Владата го менува заклучок бр.25 од точка 83 од педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија , во врска со Информацијата за превземање мерки против корупција, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица" одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател на Управен одбор**
**Саит Абазоски**

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1163/1-5/2
19.07 20 21 год./vit.
Кичево - Kerçovë

Врз основа на член 26 точка 29 од Статутот на ЈП „ Студенчица„ Кичево и врз основа на напатствијата од прилог бр 1 од Извадокот од шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр 40-17/69 од 11 мај 2021 година, точка 96 со кој Владата го менува заклучок бр.25 од точка 83 од педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија , во врска со Информацијата за превземање мерки против корупција, Управниот одбор на ЈП „ Студенчица.. Кичево на 19.07.2021 година донесе:

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА НА ЈАВНОТО ПЕРЕТПРИЈАТИЕ „СТУДЕНЧИЦА„ КИЧЕВО

## ВОВЕД

Криминалот и корупцијата, го поткопуваат доброто владеење, го намалуваат капацитетот на јавното претпријатие и ја чинат државата и граѓаните значителни финансиски ресурси, што негативно влијае на напредокот, остварувањето на основните демократски права и животниот стандард на населението. Од тука произлегува дека се разбирливи напорите на Владата на Република Северна Македонија за воведување на механизми за зајакнување на доброто владеење во сите сфери на државата и во јавното претпријатие.

Јавното претпријатие„Студенчица„Кичево, во согласност со стратешката определба на Владата на РСМ за бескомпромисна борба против криминалот, корупцијата и ефикасно спроведување на правото работи на доследно пименување на законите, унапредување на процесите на свесноста на вработените во јавното претпрријатие за прашања поврзани со ризикот од корупција .

Изготвувањето на Акцискиот план за борба против корупција се реализира со помош на препораките на *Владата на РСМ од прилог бр 1 од Извадокот од шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр 40-17/69 од 11 мај 2021 година , точка 96 со кој Владата го менува заклучок бр.25 од точка 83 од педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија , во врска со Информацијата за превземање*

*мерки против корупција*, за превенција и репресија на корупција и судир на интереси и за градење на интегритет.

## ПРАВНА РАМКА

Една од темелните вредности во Уставот на Република Северна Македонија е ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, што покрај другото значи доследна и правилна примена на законите кои се во сила и се применуваат во Република Северна Македонија.

Во зависност од видот на активностите кои се предмет на правно регулирање во Република Северна Македонија се донесени бројни закони со кои се уредува и се санкционира оваа проблематика помеѓу кои ги набројуваме:

Кривичниот законик

Закон за спречување корупција

Закон за судир на интереси

Закон за заштитено внатрешно пријавување

Закон за укажувачи

Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам

Закон за државна ревизија

Закон за внатрешна финансиска контрола

Закон за јавните претпријатија

Република Северна Македонија има потпишано и ратификувано и меѓународни правни инструменти во борба против корупција :

Казнена Конвенција за корупција на Со Е ратификувана 1999 ,

Дополнителен протокол за казнената Конвеција за корупција,

Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело,

Конвенција на компјутерски криминал,

Конвенција на Обединети нации против корупција и други.

Заради штетноста на корупцијата и нејзината присутност во општеството од страна на Државната комисија за спречување на корупција е донесена Национална стратегија за спречување на корупција за 2021 до 2025 година.

## ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Акциски план за борба против корупција и интегритет на јавното претпријате има за цел да воспостави сигурен систем кој ќе овозможи сигурен

систем во организациските единици на јавното претпријатие со следниве активности:

1. создавање на предуслови за спречување на корупцијата на сите нивоа;

2.зајакнување на превенцијата, идентификување препознавање на корупцијата и намалување на ризикот од корупција;

3.воспоставување механизми што ќе ги спречат и отстранат околностите за појава на корупција, неетички и непрофесионални практики;

4. зајакнување на личната одговорност;

5. зголемување на транспарентноста во работата;

6. унапредување и зајакнување на деловната етика;

7. воспоставување ефикасен систем на внатрешна контрола;

8. зајакнување на довербата на јавноста војавното претпријатие;

9. спречување и елиминирање на судир на интереси.

10.Зајакнување на свеста за интегритет кај избрани и именувани лица и кај вработените во јавното претпријатие за изградба на целина која ќе биде отпорна на се, со почитување на морални и етички принципи; стабилност, состојба на целина, потполност во јавното претпријатие.

Еден од основните услови во борбата против корупцијата е:

- Воспоставување систем за пријавување на неправилности;
- Назначување на лице за пријавување на неправилности;
- Отворање на адреса за е-пошта преку која може да се пријават откриени неправилности и сомневања за измама.

ЈП„Студечица„ Кичево има преземено активности во борбата против корупцијата со имплементација на Законот за заштита на укажувачи („Сл. весник на РСМ", број 196/15, 35/18 и 257/20).

## АНАЛИЗА НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### *РИЗИЦИ КАЈ ОГРАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ. НАДЗОР И РАКОВОДЕЊЕ*

Во јавното претпријатие се именуваат лица во Управниот одбор и Надзорниот одбор, согласно условите предвидени во Законот за јавните претпријатија, од страна на Владата на РСМ, кои како органи на управување и надзор имаат влијание на донесување на многубројни одлуки во јавното претпријатие. Исто така во јавното претпријатие се избираат на јавен конкурс Директор на Јавното претпријатие и Заменик директор, од страна на органот на управување согласно условите предвидени во Законот за јавните

претпријатија. Именуваните односно избраните лица во јавното претпријатие имаат значително влијание во донесување на одлуки на ниво на надлежноста на претпријатието, односно имаат можност да одлучуваат за јавниот интерес и донесување одлуки **со кои постои теоретски ризик да го подредат јавниот интерес на приватниот , што е најосновен облик на судир на итереси**. При вршење на т.е.јавна власт може да дојде до воспоставување на разни видови механизми со кои своите лични интереси или интереси на со нив поврзани лица ги користат своите овластувања и на тој начин за себе и за поврзаните лица обезбедуваат разни бенефити на штета на јавниот интерес.

РИЗИЦИ КАЈ РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕКај раководните работници и другите вработени во јавното претпријатие **постои теоретски ризик при раководење и при извршување на редовните работни задачи јавниот интерес да го подредат на приватниот интерес и на тој начин да предизвикаат судир на интереси**. При вршење на работните обврски во јавното претпријатие може да дојде до воспоставување на разни видови механизми со кои своите лични интереси или интереси на со нив поврзани лица ги користат своите овластувања и на тој начин за себе и за поврзаните лица обезбедуваат разни бенефити на штета на јавниот интерес.

РИЗИЦИ НА НЕПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛЕН СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ Во јавното претпријатие органите на управување, контрола и раководење, раководните работници и другите вработени се информирни дека доколку дојде до судир на интереси во работата се должни да дадат изјава за судир на интереси и да се изземат од таквата состојба. И покрај тоа **постои теоретски ризик од непријавување на потенцијален судир на интереси**.

РИЗИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ Генерално, јавните набавки и нивното спроведување претставуваат исклучително виско ризик на корупција. (оценето од ДКСК) . Ризиците во јавните набавки може да се јават во повеќе фази на постапката па **тука постои теоретски висок ризик во спроведување на постапките за јавни набавки.**

## РИЗИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

Генерално вработувањето во јавниот сектор во општеството се со висок ризик од корупција (оценето од ДКСК) . Во јавното претпријатие при постапките за вработување се почитуваат предвидените законски процедури за вработување како на административни службеници така и на даватели на услуги и помошно технички лица, но сепак **постои теоретски висок ризик во спроведување на постапките за вработување.**

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА РИЗИЧНИТЕ ОБЛАСТИ

АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ КАЈ ОГРАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ. НАДЗОР И РАКОВОДЕЊЕ Сите избрани и именувани лица во органите на управување контрола и раководење во јавното претпријатие се запознаени со содржината на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата („Службен Весник на Република Македонија„ бр 176/19) и согласно член 13 став 1 од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата имаат потпишано изјави за почитување на истиот.

АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ КАЈ РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

1. Раководните лица и другите вработени кои се административни работници се запознаени со содржината на Кодексот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија„ бр 183/2014 ).

2.Вработените во процесите на работење се придржуваат на ИСО СТАНДАРДИТЕ во кои се јасно воспоставени процедури во процесот на работење на секој сегмент од работењето.

3.Вработените во јавното претпријатие преку посета на едукации се запознаени со прописите за борба против корупција, спречување судир на интереси и сите потребни активности од доменот на нивната работа.

4.Во јавното претпријатие секоја година се вршат внатрешни ревизорски контроли на одредени процеси на работењето и се врши проценка на ризици по области.

5.Во јавното претпријатие е донесен Правилник со процедури за заштитено внатрешно пријавување во 20216 година и вработените се запознаени со содржината на Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15), и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.46/16) за што имаат дадено изјави .

АЛАТКИ И ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Алатки против ризиците во јавните набавки може да се јават во повеќе фази на постапката. Имајки ги во предвид фазите во јавните набавки во јавното претпријатие се воспоставени и се применуваат следните механизми:

1.При изработување на планот за јавни набавки да не се предвидуваат набавки кои во моментот на изработка не можат да се предвидат,

2.При изработка на соодветна техничка спецификација и тендерска документација тимски да се утврди соодветно изработена техничка спецификација и тендерска документација. (против ризик од несоодветна техничка документација кој води до корупција)

3. Јавните набавки се следат во нивната реализација, согласно динамиката утврдена во договорот за јавна набавка. При секоја ненавремена или несоодветна реализација на договорот за јавна набавка вработените треба да превземат соодветни мерки согласно закон. Ненавремената и несоодветната реализација може да доведе до корупција.

4. Вработените, членови и заменици членови на Комисија за јавни набавки за секое учество во постаката се должни да дадат изјава за судир на интереси.

5. Вработените, членови и заменици членови на Комисија за јавни набавки за секое учество во постаката за спорни прашања тимски се договараат за текот и квалитетот на постапката за јавна набавка и го консултираат Бирото за јавни набавки по потреба.

6. Јавното претпријатие во постапките за јавна набавка нема постојана комисија за јавни набавки туку истата се формира поединечно за секоја јавна набавка што е солиден механизам во борба против корупција.

**СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ ПРОТИВ КОРУПЦИЈА**
**ВО ЈП„СТУДЕНЧИЦА„ КИЧЕВО**

За остварување на поставените цели Јавното претпријатие со своето однесување во процесот на работењето треба да ги почитува основните начела во борбата против корупцијата, и тоа:

| *Цел 1:*<br>*Да се назначи лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција* | | | |
|---|---|---|---|
| *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатор на резултатот* | *Напомени (Временски рок)* |
| *Согласно член 50, став 2 Да се постапи согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Сл.весник на РСМ" број 90/2009... „.. 82/2013) да се назначи* лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција | член 50, став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Сл. весник на РСМ", број 90/2009.., -„82/2013). | борбата против корупцијата и судирот на интереси во ЈП„ Студенчица„ Кичево. | *2021 година, 2022 година* |

| *Цел 2:*<br>*Формирање на поефикасен систем во борба против корупцијата (формирање на Работна група од сите сектори за сомнежи за измами или корупција) на ЈП„ Студенчица„ Кичево. Во работната група ќе учествува и внатрешниот ревизор* | | | |
|---|---|---|---|
| *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатор на резултатот* | *Напомени (Временски рок)* |
| *Преземање на активности за формирање Работна група од сите сектори за сомнежи за измами или корупција) на ЈП„ Студенчица„ Кичево. Во работната група ќе учествува и внатрешниот ревизор како ефикасен систем за спречување на корупцијата .*<br>*" незаконско однесување,*<br>*" склоност кон непотизам,*<br>*" уцена и проневера,*<br>*" злоупотреба на јавна функција за лични цели,*<br>*" активност спротивна на моралните норми,* | *Воспоставување на поефективен систем во борбата против неправилности, измами и корупција во процесот на работење на ЈП „Студенчица„ Кичево.* | *Зголемен процент на доставени пријави од вработени, други физички и правни лица кои можат да достават известување заутврдените неправилности „сомнежи за измама или корупција.* | *Втор квартал 2021 година 2022 година* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| * збогатување без законска основа, *губење на доверба во државата и општеството. | | | |
| Давање мислење за потребен број на лица во Работна група од сите сектори, при тоа водејќи сметка за потребната стручна подготовка и застапеност од секторите. | Работна група за борба против корупцијата на ЈП „ Студенчица„ Кичево. да биде составена од 5 членови, Во работната група ќе учествува и внатрешниот ревизор како ефикасен систем за спречување на корупцијата . | | |

| Цел 3: Создавање на предуслови за поефикасна борба против корупцијата и судирот на интереси во ЈП „ Студенчица„ Кичево. | | | |
|---|---|---|---|
| Активности | Очекувани резултати | Индикатор на резултатот | Напомени (Временски рок) |
| Идентификација и анализа \| Утврдени работни места и \| Регистар на ризици за на ризикот по работни процеси најмногу \| работните места и работни Континуирано. | места и работни процеси изложени на генерирање на висок ризик од корупција и судир на интереси по подружници | | Континуирано<br><br>Работна група за борба против.<br>корупцијата |
| Увид во изготвените акти на ЈП „Студенчица„ Кичево. кои се однесуваат на постапките за јавни набавки, управувањето со човечките ресурси (вработувањето), етичко и професионално однесување на вработените и надлежности кои имаат финансиска импликација (донации, спонзорства, подароци) | Работна група да изготви, дополни или даги ажурира интерните акти насочени за дејствување во борбата со корупција и судир на интереси и истите да ги објави на веб страната на ЈП „Студенчица„ Кичево. | Зголемена транспарентност и поголем процент на вработени кои би се одважиле да достават пријава за утврдените неправилности , сомнежи за измама или корупција. | Континуирано<br>Работна група за борба против корупцијата |
| Воспоставување на сигурна комуникација и надградба на веб страната на ЈП „Студенчица„ Кичево. со цел да се запознаат вработените за начинот на функционирањето на Работна група | | | |

| Цел 4:<br>Изготвување на годишен план за борба против корупцијата и судирот на интереси во ЈП ,, Студенчица,, Кичево | | | |
|---|---|---|---|
| Активности | Очекувани резултати | Индикатор на резултатот | Напомени (Временски рок) |
| Работна група да изготви годишен план за борба против корупцијата за 2022 година. | Годишен план за борба против корупцијата. | Обезбедување на рамка за работа на Работна група во борба против корупцијата | Четврт - квартал 2021 година и 2022 година<br>Работна група за борба против корупцијата |

## СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА СИТЕ НИВОА

Потребно е да се дефинираат специфичните подрачја на работење каде е можна појава од корупција за да се утврдат соодветни мерки за спречување на истата.

Затоа е неопходно:

Подигање на нивото на свеста на вработените во јавното претпријатие за штетата што ја носи корупцијата со обука на вработените за начинот на постапување и укажување на корупцијата;

Јакнење на индивидуалниот интегритет на вработените, што подразбира воспоставување на личен однос на вработените кон прашањата за корупцијата и судирот на интереси со цел да се изгради систем на работење на транспарентност, отчетност, професионалност во извршување на надлежностите утврдени со законите и актите на јавното претпријатие;

Отстранување на ризикот од корупција во општите нормативни акти на Јавното претпријатие и преземање на активности за нивно усогласување со меѓународни стандарди од областа на антикорупција.

Континуирано стручно усовршување на вработените, за сите структури на вработени, потребно е усовршување поврзано за работната етика и превенција од корупција.

Највисокото раководство на јавното претпријатие чија е одговорноста за успешното спречување на корупцијата и судирот на интереси треба да обезбеди во сите нивни организациони единици да се работи во согласност со законите, подзаконските прописи, општите акти, согласно работната етика на со цел спречување и отстранување на грешките и недостатоците во работењето.

Објавувањето на информациите и пристап на информациите за работењето на јавното претпријатие треба да бидат навремени , а важните

информации за работењето на јавното претпријатиетреба да бидат достапни за сите внатрешни и надворешни учесници.

Соработка со други слични институции за размена на информации и процедури за намалување на корупцијата преку отстранување на ризикот од корупција во општите нормативни акти на јавното претпријатие и преземање на активности за нивно усогласување со меѓународни стандарди од областа на антикорупција.

Целта на Акцискиот план за борба против корупцијата е да се воспостави систем со кој вложените мерки во борбата против корупцијата ќе придонесат делата за корупцијата да се препознаат, санкционираат и да се намали влијанието накорупцијата во работењето на јавното претпријатие.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И ИНТЕГРИТЕТ

Акцискиот план за борба против корупцијата се објавува на веб страната на Јавното претпријатие, се имплементира по неговото донесување, се ажурира по укажана потреба на ист начин на кој е донесен.

Претседател на Управен одбор

Кичево 19.07.2021

Саит Абазоски